Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) го одбележува **Светскиот ден на слобода на печатот**
. Во своите 25 години посветена работа,
 **МЦМС има издадено 220 публикации**
кои можат да се поделат во неколку различни категории и тоа: граѓанско општество, избори и политика, анти-корупција, разноличност и (не)дискриминација и локална самоуправа.



Со цел да поттике аргументирана и информирана расправа за важните општествени прашања, МЦМС има спроведено голем број на истражувања на различни општествени теми. Во зависност од темата, истражувањата користат различни инструменти: прашалници, длабински интервјуа, анализа на содржина, студии на случај, статистички анализи итн.

МЦМС ги публикува сите свои истражувања. Освен истражувањата, МЦМС издава и многу други публикации претежно поврзани со главните теми на кои работи. Публикувањето, треба да ги направи подостапни информациите на тие теми и да овозможи да стигнат до поголем број на луѓе.